**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 11.02.2022
Орг. единица / Njësia org.: 10 | Бр. / Numër: 643 | Прилог / Shtesë: 1 | Вредност / Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар;
3. **Период опфатен со надзорот:** 29 јануари 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 февруари 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка: /**

*На 23.12.2021 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-449 од 23.12.2021 г.) на Трговското радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (27.12.2021 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, емитуван на 29 јануари 2022 година, на локално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***